РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 09-5082/2
18-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 38-та седница, трето продолжение, одржана на ден 14.09. 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5082/1 од 05.11.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-5082/1 од 05.11.2019 година.

Предметот со број 09-5082/1 од 05.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5082/1 од 05.11.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава од познат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, против лицето ___________ адвокат од ________.

Во пријавата е наведено дека лицето ________ како избрано лице во орган на политичка партија член на Извршен одбор на ______, а по професија адвокат,е полномошник на орган на локална самоуправа во ___________.

Имено, како член на Извршен одбор на ________ наведеното лице ја застапува општина ______ чии градоначалник е од редовите на _________.

На седницата одржана на ден 14.09.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија одлучи дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај, бидејќи не е утврдена повреда на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што наведеното лице не е службено лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
**Изработил:** Бесник Џемаиљи, советник
**Одобрил:** м-р Владимир Георгиев -член

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk